**2021048731**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 93 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основнотото училиште („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 28/20), по членот 19 се додава нов член 19-а, кој гласи:

„Член 19-а

Дневниците од членовите 3, 4, 5, 6 и 7 од овој правилник, од страна на наставниците се водат во електронска форма.

Од страна на одделенскиот раководител, дневниците од став 1 на овој член, се отпечатуваат на хартија на крајот на секој месец  во текот на наставната година.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од учебната 2021/2022 година.

Бр. 18-3564/2
25 февруари 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.